# ЗАКОН ЗА ПРАВАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е ВОЈНИК НА СЛУЖЕЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК

Објавен во "Службен весник на Р.М." број 12/94 од 15 март 1994 год.

I

. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се утврдуваат правата, условите за "стекнување и постапката за остварување на правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок.

**Член 2**

Како хранител на членовите на семејството, во смисла на овој закон, се смета лицето кое ги издржувало членовите на своето семејство до денот на стапувањето на служењето на воениот рок или обврската за издржување настапила во текот на служењето на воениот рок (во натамошниот текст: хранителот).

**Член 3**

Како служење на воениот рок, во смисла на овој закон, се смета служењето или доотслужувањето на воениот рок во Армијата на Република Македонија.

**Член 4**

Како членови на семејството на хранителот, во смисла на овој закон, се сметаат:

1. Брачниот другар, децата родени во брак и надвор од брак и посвоените деца, посиноци и децата без родителска грижа земени на издржување,

2. Родителите (татко, мајка, очув и маќеа) и посвоителот,

3. Дедо, баба, прадедо и прабаба, од татко и мајка и

4. Браќа и сестри.

**Член 5**

Правата што им се обезбедуваат на членовите на семејството на хранителот кој се наоѓа на служење на воениот рок се:

1. Материјално обезбедување;

2. Здравствена заштита и

3. Додаток на деца.

**Член 6**

Правата од член 5 на овој закон им припаѓаат на членовите на семејството на хранителот за времето додека хранителот се наоѓа на служење на воениот рок.

## II. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВАТА

### Член 7

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на членовите на семејството на хранителот под услов хранителот со членовите на семејството да живеел во заедница на живеење, стопанисување и трошење на приходите, односно хранителот да им обезбедувал средства за издржување до денот на упатувањето на отслужување на воениот рок или обврската за издржување да настапила во текот на служењето на воениот рок, како и членовите на семејството на хранителот да се неспособни за работа или да немаат сопствени приходи доволни за издржување.

### Член 8

Како неспособен за работа, во смисла на овој закон, се смета членот на семејството на хранителот кој според оцената, наодот и мислењето на инвалидската комисија, според прописите на пензиското и инвалидското осигурување има потполно загубена работна способност.

Како неспособен за работа, во смисла на овој закон, се смета членот на семејството на хранителот и во случаите:

1) брачен другар - за време на бременост и по породување, ако има едно или повеќе деца помлади од 15 години возраст или ако има постаро дете кое се наоѓа на редовно школување или е неспособно за работа,

2) деца, браќа и сестри, ако се помлади од 15 години или се постари, а се наоѓаат на редовно школување и

3) родител и посвоител, како и дедо, баба, прадедо и прабаба, кои имаат повеќе од 60 (мажи), односно 55 (жени) години живот.

### Член 9

Членовите на семејството на хранителот се смета дека немаат сопствени средства доволни за издржување доколку вкупните просечни месечни приходи по член на семејството остварени во последните три месеци не изнесуваат повеќе од:

1) 15% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката, остварена во последните три месеци, за приходите по основа на плата од работен однос и други редовни приходи и

2) 5% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката остварена во претходната година за приходите од земјоделска дејност.

Збирот на месечниот износ од точките 1 и 2 од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од 15% месечно по член на семејството од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката остварена во последните три месеци.

**Член 10**

Како други редовни приходи во смисла на членот 9 став 1 точка 1 од овој закон се сметаат: старосната, инвалидската и семејната пензија, приходот од самостојно вршење на стопански или нестопански дејности, приход од имот и имотни права, приходите остварени во случаи на привремена невработеност (паричен надоместок), како и други редовни приходи.

Како други редовни приходи не се сметаат паричните надоместоци за телесно оштетување стекнато во процесот на работа во Републиката, за туѓа нега и помош, за згрижување на лица, за семејството кое згрижува лица во положба од социјална потреба, додатокот на деца, постојаната парична помош, стипендиите и кредитите на учениците и студентите и помошта во случај на елементарни непогоди.

**Член 11**

Како приход од земјоделска дејност во смисла на член 9 став 1 точка 2 од овој закон се смета катастарскиот приход утврден за претходната година и зголемен за порастот на просечната месечна нето плата по работник остварена во стопанството на Републиката во последните три месеци во однос на просечната месечна плата по работник остварена во стопанството во Република, во претходната година.

III. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

1. Материјално обезбедување

**Член 12**

Висината на материјалното обезбедување изнесува 40% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката остварена во последните три месеци за носителот на правото во материјалното обезбедување.

Износот на материјалното обезбедување се зголемува за уште по 10% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката остварена во последните три месеци за секој натамошен член на семејството кој ги исполнува пропишаните услови - соуживател на правото на материјално обезбедување.

Вкупниот износ на материјалното обезбедување на носителот и соуживателот не може да биде поголем од 70% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката, остварена во последниве три месеци.

**Член 13**

Под просечна месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката остварена во последните три месеци во смисла на членовите 9, 11, 12 од овој закон се подразбира објавениот последен податок во тековниот месец од страна на Републичкиот завод за статистика.

Ако носителот и соуживателите на правото на материјалното обезбедување остваруваат приход, износот на материјалното обезбедување од членот 12 на

овој закон се намалува во висина на оствareниот просечен месечен приход по сите основи.

**Член 14**

Ако хранителот поминал на служење на воениот рок најмалку три месеци и тој му престанал пред истекот на служењето на воениот рок поради болест настаната за време на служењето во Армијата или при извршувањето на воените должности, односно настанало телесно оштетување од првиот ден од служењето на воениот рок, члeновите на неговото семејство имаат право на исплата на материјално обезбедување најмногу за уште шест месеци од денот на престанувањето на служењето на вениот рок на хранителот.

**Член 15**

Членовите на семејството на хранителот имаат право на материјално обезбедување и по престанувањето на служењето на воениот рок ако хранителот пред денот на упатување на отслужување на воениот рок бил вработен и членовите на семејството исклучително или претежно ги издржувал со својата плата и трае до денот на неговото повторно вработување или вработувањето на друг член на семејството, но најмногу за период од три месеци од денот на престанувањето на служењето на воениот рок.

2. Здравствена заштита

**Член 16**

Членовите на семејството на хранителот кои не се здравствено осигурени по друга основа имаат право на здравствена заштита под условите, обемот и постапката утврдени со прописите за здравствена заштита и овој закон.

Пријавата за осигурување, врз основа на која се утврдува својството на осигуреник, ја поднесува Центарот за социјална работа.

**Член 17**

Ако членот на семејството на хранителот започнал лекување пред денот на престанувањето на служењето на воениот рок на хранителот, ќе продолжи да ја користи здравствената заштита се до завршувањето на лекувањето, но не подолго од шест месеци од денот на служењето на воениот рок на хранителот.

3. Додаток на деца

**Член 18**

Членовите на семејството на хранителот кои остваруваат право на материјално обезбедување, кои правото на додаток на деца не го остваруваат по друга основа имаат право на додаток на деца под условите и во висината утврдена со прописите за додаток на деца.

IV. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

**Член 19**

За правата според одредбите на овој закон по барање на членот на семејството на хранителот во прв степен решава Центарот за социјална работа.

Барањето од ставот 1 на овој член се доставува до Центарот за социјална работа, најдоцна во рок од 60 дена од денот на стапувањето на служењето на воениот рок, односно од денот кога настанала обврската за издржување на членовитге на семејството.

По жалба против решението на првостепениот орган решава Министерството за труд и социјална политика.

**Член 20**

Материјалното обезбедување им припаѓа на членовите на семејството на хранителот од првиот ден на наредниот месец од денот на стапувањето на хранителот на служење на воениот рок, односно од првиот ден на наредниот месец од денот на стекнување својство хранител во текот на служењето на воениот рок, а се исплатува заклучно со месецот во кој на хранителот му престанал воениот рок.

Материјалното обезбедување се исплатува на крајот на месецот за тековниот месец.

**Член 21**

За утврдување и оцена на неспособноста за стопанисување, во смисла на член 8 став 1 од овој закон, органот од член 19 став 1 на овој закон ќе го упати членот на семејството на хранителот на преглед на надлежната инвалидска комисија на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Член 22**

Решенијата со кои се утврдуваат права на парични побарувања по овој закон се извршуваат по службена должност.

Решенијата од став 1 на овој член ги извршува надлежниот првостепен орган.

**Член 23**

Корисникот на правата според овој закон е должен во рок од 15 дена да ја пријави на првостепениот орган секоја промена која би влијаела на постоењето или промената на правото.

**Член 24**

Во постапка за остварување на правата утврдени со овој закон се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон не е поинаку определено.

**Член 25**

Во постапка за остварување на правата според овој закон не се плаќа такса.

**Член 26**

Првостепениот орган води евиденција на членовнте на семејството на хранителот.

**Член 27**

Средствата за финансирање на обврските што произлегуваат од овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Хранителот на членовите на семејството кој се наоѓа на служење на воениот рок на кој му е признато тоа својство до влегувањето во сила на овој закон, согласно со постојните прописи, го задржува својството на хранител, а членовите на неговото семејство правата ги користат во обемот, под условите и на начинот пропишани со овој закон.

Центарот за социјална работа по службена должност ќе донесе решенија во смисла на став 1 од овој член во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 29**

Постапката за остварување на правата покрената пред влегувањето во сила на овој закон ќе заврши според одредбите на овој закон.

**Член 30**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за заштита на членовите на семејствата на лица на задолжителна воена служба ("Службен лист на СФРЈ" број 18/76) и Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба ("Службен весник на СРМ" број 44/76 и 17/91).

**Член 31**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија